СЕГА Р. Македонија

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2013

СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# 2013

**Издавач**
КОАЛИЦИЈА НА МЛАДИНСКИ
ОРГАНИЗАЦИИ СЕГА

**Автор**
Маја Иваноска Крстевска

**Адреса**
Иво Лола Рибар 5
7500 Прилеп, Македонија
E-mail: sega@sega.org.mk
Web: www.sega.org.mk

**Извршен директор**
Зоран Илиески

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ..... 4
МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА ..... 6
Проект: "Учество на младите во креирање политики" ..... 6
Проект: "Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија" ..... 7
Проект: "Проект за децентрализирана соработка помеѓу регионот на Долна Нормандија – Франција и Република Македонија" ..... 10
Проект: "Мониторинг на имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето во Македонија" ..... 11
МЛАДИНСКО УЧЕСТВО ..... 11
Проект: "Поттикнување на младинското учество во политичките процеси" ..... 11
Проект: "Македонски Модел на Обединетите Нации" ..... 12
Проект: "Совет на млади во Општина Теарце" ..... 13
ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО ..... 16
Проект: "Младински Информативен и Советодавен Центар – ИНФО СЕГА" ..... 16
Проект: "Млади без граница" ..... 19
Проект: "Младинска мрежа за стекнување на вештини за вработување" ..... 21
Проект: „Ајде да ја славиме Европа" ..... 22
ОРГАНИЗАЦИСКИ АКТИВНОСТИ ..... 24
Меѓународна соработка ..... 24
Соработка со институции ..... 25
АДМИНИСТРАТИВНА РАМКА ..... 26
ЗА СЕГА ..... 27

# ВОВЕД

Во 2013 година со поддршка на повеќе донатори (Детската Фондација Песталоци, УНИЦЕФ, Град Скопје, Асоцијација на Агенции за Локална Демократија, Националниот Фонд за Демократија, Генерален Секретаријат за соработка со НВО, Европска Унија - IPA програма и Млади во акција, Американската Амбасада во Скопје итн.) беше спроведена Годишната Програма на СЕГА за 2013 година. И оваа 2013 година СЕГА продолжи да спроведува активности од Акциониот План за имплементација на Националната Стратегија за Млади, при што СЕГА го фасилитираше процесот на креирање на Локална младинска стратегија за Град Скопје. Од процесот на поддршка на локалните самоуправи во развивањето на локални младински стратегии досега се изготвени локални младински стратегии во 13 општини во Република Македонија.

Во 2013 година беше продолжена соработката со регионот на Долна Нормандија преку спроведувањето на проектот за децентрализирана соработка помеѓу регионот на Долна Нормандија – Франција и Република Македонија. Во рамките на проектот организиравме студиска посета „Локално и регионално вмрежување во полето на младинското вработување“.

Во насока на спроведување на детските права, и во 2013 година продолживме со спроведувањето на мониторингот за имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија. Во 20 основни и средни училишта продолживме со примена на моделот дете правобранител и продолживме со спроведување на нов модел на избор на Претседател на клас/одделение како и избор на ученички организации.

Во полето на подобрување на младинското информирање во Република Македонија продолживме со спроведување на проектот Младински Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА. Во 2010, во партнерство со Агенција за млади и спорт и Локална Самоуправа Прилеп беше отворен овој центар.

Во 2013 година заедно со Националниот Центар за Услуги во Заедницата (NCCS) од Албанија започнавме со спроведување на проектот „Млади без граници“, финансиран од Европската Унија преку ИПА програмата за Прекугранична соработка Македонија - Албанија. Со спроведување на активности од овој проект ќе промовираме ефективна соработка помеѓу актерите во граѓанското општество кон продуктивен социјален развој во прекуграничниот регион помеѓу Македонија и Албанија.

Преку активностите од годишната програма на СЕГА, во текот на 2013 година, директно беа вклучени 6192 граѓани (претставници на младински организации, општини, национални институции и млади од неформални групи). Во поглед на присутноста во јавноста на СЕГА преку медиумите беа остварени објави во меѓународни, национални или локални медиуми (во вести, гостувања во живо, интервјуа, колумни или натписи во печатени и интернет весници).

Во спроведување на активностите од Годишната програма за 2013 година беа вклучени 10 полноправни организации - членки на СЕГА:

- Волонтерски Центар Скопје,
- Интеркултура - Скопје,
- Младински Совет Охрид,
- Младински Клуб Штип,
- ЗОНА Кавадарци,
- ИМКА Битола,
- Мултикултура – Тетово,
- Младински Совет Прилеп,
- ХОПС – Опции за здрав живот – Скопје,
- Институт за Развој на Заедницата – Тетово.

Од придружните членки беа вклучени 8 организации:

- Центар за Едукација и Развој – општина Теарце,
- Локална Агенција за Развој – Струга,
- Центар за одржлив развој на заедницата – Дебар,
- Младински Совет Струмица,
- Младинска Мултикултурна Заедница – Прилеп,
- Федерација на фармери на Македонија – Мрежа на млади фармери,
- Организација на жените на општина Свети Николе,
- Форум на млади - Битола.

СЕГА ќе продолжи да се залага за подобрување на статусот на младите, ќе работи на подобрување на младинското информирање, учеството на младите во процесите на одлучување и донесување одлуки како и воспоставување на механизми за заштита на детските права и учество на децата во училиштата.

Коалиција на младински организации СЕГА
Извршен директор
Зоран Илиески

# МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА

## Проект: "Учество на младите во креирање политики"

Од 01 јануари – 30 ноември 2013 година Коалиција на младински организации СЕГА го имплементираше проектот **„Учество на младите во креирање на политики",** финансиран од Град Скопје.
Целта на проектот беше да се зголеми активното учество на младите во политичкиот, социјалниот, економскиот и културниот живот во локалната заедница преку изготвување на Локална младинска стратегија на Град Скопје.
Во спроведување на активностите беа вклучени следните организации – членки на СЕГА Волонтерски Центар Скопје, Интеркултура – Скопје и Центар за Едукација и Развој – Теарце.
Во рамките на проектот се спроведоа следните активности:

- **Обука за фасилитатори на работни групи**

На 30 јануари 2013 година во НВО центарот на Град Скопје во Младинскиот Културен Центар беше организирана еднодневна обука за фасилитаторите на работните групи групи за изготвување на Локалната Младинска Стратегија. На оваа обука селектираните фасилитатори се здобија со вештини за фасилитација на работните групи со цел да се изготви Локалната Младинска Стратегија за Град Скопје. На крајот од обуката беше подготвен Акционен план за работа на фасилитаторите и се дискутираше за индивидуалната подготовка на секој од фасилитаторите, согласно Акциониот план.

- **Спроведување на анкета**

Со цел да се обезбедат информации потребни за дефинирање на младинските потреби во секоја општина на Град Скопје се спроведе анкета, во која директно беа вклучени 591 млади луѓе на возраст од 15 – 29 години. Анкетата се спроведуваше во периодот 13 – 20 март во сите 10 општини на Град Скопје од страна на анкетари претходно селектирани преку јавен повик кој што беше поставен на web страната на Град Скопје (www.skopje.gov.mk), Коалиција СЕГА (www.sega.org.mk), ИНФО СЕГА (www.infosega.org.mk). За селектираните анкетари на 12 март 2013 година во НВО центарот на Младински Културен Центар беше организирана обука.
Во текот на месец април, надворешниот консултант ја подготви анализата за ставовите на младите луѓе на Град Скопје, која што е поставена на web страната на Коалиција СЕГА (www.sega.org.mk).

- **Конференција „Стратегија за млади на Град Скопје"**

На 12 јуни 2013 година, СЕГА во партнерство со Град Скопје и Регионот Долна Нормандија ја организираа Конференцијата „Стратегија за млади на Град Скопје". Целта на организирање на овој настан беше да се креира Драфт Локалната Младинска Стратегија. На Конференцијата присуствуваа 70 учесници, претставници од младински организации, Локални Самоуправи, Град Скопје, Министерства, средношколци и студенти. Учесниците беа поделени во 9 работни групи, согласно приоритетите на Националната Стратегија за млади:
Образование (2 групи), Младинско самовработување, поддршка пред вработување, Квалитет на живеење, Здравство и превенција, Учество на младите, Култура, Локална младинска работа и Младинско информирање. Работните групи беа фасилитирани од страна на 9 фасилитатори, претходно селектирани на јавен повик.

На почетокот, секој од фасилитаторите ги презентираше наодите од спроведената анкета, а потоа учесниците дефинираа општа цел, специфични цели и стратегии. Во вториот дел од настанот учесниците креираа Акционен план за 2014 година (активности, резултати, индикатори, период на реализација и одговорност).

Во текот на јули – септември 2013 година проектниот тим во консултација со надворешниот консултант ја подготвуваа Драфт Локалната Младинска Стратегија за Град Скопје.

- **Консултативен процес за финализирање на Локалната Младинска Стратегија**

На 08 октомври 2013 година во салата на Советот на Град Скопје беше организирана Јавна расправа за Драфт Стратегијата за млади на Град Скопје. Целта на овој настан беше да се добијат забелешки, предлози за подобрување како и конструктивни критики за предлог текстот на Стратегијата за млади на Град Скопје како и да се обезбеди поголемо вклучување на јавноста, а посебно младите при креирање на локалните политики. На настанот присуствуваа 46 претставници од младински организации, средни училишта, општини на Град Скопје, членови на Совет на Град Скопје и администрацијата на Град Скопје. Учесниците на овој настан имаа можност да дадат свој придонес во подобрување на Драфт Локалната Стратегија за млади на Град Скопје.

На 24 октомври 2013 година во просториите на НВО Центарот во Младински Културен Центар – Скопје беше организиран состанок со фасилитаторите на работни групи за изготвување на Локалната Младинска Стратегија на Град Скопје. На овој состанок беа разгледани забелешките за Драфт Стратегијата за млади на Град Скопје кои беа добиени на Јавната расправа како и забелешките кои што беа добиени електронски. Групата детално ги разгледа забелешките и утврди што од нив може да се прифати во ЛМС.

Во текот на првата половина на месец ноември 2013 година беше поднесена Локалната Стратегија за Млади на Град Скопје до Советот на Град Скопје со цел нејзино усвојување.

## Проект: "Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија"

Проектот „Имплементација на Конвенцијата за Правата на Детето во Македонија" се имплементираше во период од 12 месеци (01 јануари – 31 декември 2013 година), финансиран од Детската Фондација Песталоци (Pestalozzi Children's Foundation). Целта на проектот е да им се овозможи на децата и младите во Македонија активно да ги практикуваат своите права и обврски пропишани со Конвенцијата за Правата на Детето.
Активностите се спроведуваа во партнерство со следните организации – членки на СЕГА: Младински Совет Прилеп, Центар за одржлив развој на заедницата – Дебар, Локална Агенција за Развој – Струга, Младински Совет Охрид, Интеркултура Скопје, Младински клуб Штип, Волонтерски Центар Скопје, ЗОНА Кавадарци и Мултикултура Тетово.

Проектот е поделен во три компоненти. Со првата компонента СЕГА продолжи да го спроведува **Системот на Мониторинг и Евалуација на имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето во Македонија за членовите кои се однесуваат на детско учество**.

Во посебна под-компонента Воспоставување на дете правобранител во училиштата се продолжи со примена на моделот – дете правобранител во основните и средните училишта. Преку втората компонента на овој проект се зајакнуваше функционалноста на моделите на учество во основните и средните училишта, вклучувајќи го процесот на избори на претседатели на класови во училиштата. Третата компонента го опфаќа воспоставувањето на модели на младинско учество на локално ниво со формирање на Совети на млади во рамките на Локалните Самоуправи.

Со реализирањето на активности од сите компоненти вкупно беа опфатени 3320 деца од 20 основни и средни училишта од 10 градови: Прилеп, Битола, Охрид, Струга, Тетово, Гостивар, Дебар, Штип, Кавадарци и Куманово.

- ***Компонента I: Систем на Мониторинг и Евалуација на спроведувањето на Конвенцијата за правата на детето во Р. Македонија***

**-Следење на спроведувањето на Конвенцијата за правата на детето на терен**

Процесот на прибирање на податоци за спроведување на Конвенцијата за правата на детето продолжи и оваа година во истите градови како и во 2012 година. 16 локални собирачи на податоци (11 локални прибирачи на податоци и 5 локални координатори) во периодот февруари - март собираа податоци во согласност со индикаторите од системот за мониторинг и евалуација за спроведување на КПД. Информациите се собираа од 168 институции / организации. На локално ниво се собираа од сите институции: училишта, локални самоуправи, медиуми, центри за социјална работа, невладин сектор, се со цел да се увидат измените кои што се (или не се) направени во периодот од минатогодишното собирање на податоци. Податоците за спроведувањето на КПД кои се однесуваат на национално ниво ги собираше персоналот на Коалиција СЕГА и надворешните консултанти.

Во текот на месец мај 2013 беше подготвен годишниот мониторинг извештај за спроведувањето на Конвенцијата за правата на детето во Македонија. Извештајот беше публикуван и презентиран на Национална презентација на 17 јуни 2013 година во клубот на новинари во Скопје.

**-Организирање на презентации на наодите од МИЕ извештајот од 2012 година**

Во текот на 2012 и 2013 година, беше спроведено собирање на податоци од спроведувањето на Конвенцијата за правата на детето, од 14 градови во Македонија (Прилеп, Битола, Ресен, Охрид, Струга, Дебар, Гостивар, Тетово, Скопје, Куманово, Штип, Виница, Кавадарци и Гевгелија) и 15 рурални средини (Сопиште, Арачиново, Илинден, Табановце, Мала Речица, Жупа, Ростуше, Дебарца, Вевчани, Кривогаштани, Жван, Росоман, Карбинци, Блатец и Миравци). Наодите кои што беа добиени од мониторингот беа публикувани во Извештај кој ја отсликува состојбата на национално ниво, но исто така беа подготвени и локални извештаи поодделно за секој град од каде што се собираа податоците. Во периодот од октомври – декември 2013 година, локалните собирачи на податоци организираа презентации (Битола, Струга, Дебар, Кавадарци, Гостивар, Тетово, Охрид и Ресен) на локалните наоди од мониторингот на спроведувањето на Конвенцијата за правата на детето во Македонија. Целта на овие настани беше јавно да се презентираат наодите од истражувањето пред одговорните институции на локално ниво и да се разгледаат можностите за примена на препораките од извештајот во пракса, односно да се согледа спремноста кај локалните институции (Локални Самоуправи, училишта, медиуми, Центри за социјални работи и сл.) за спроведување на најразлични мерки за подобрување на состојбата на младите во насока на зголемување на учеството на младите, како и почитување на правата на децата и нивна заштита.

- ***Под-компонента I: Дете правобранител во основните и средните училишта***

Во текот на 2013 година беа организирани 64 работилници за детски права и промовирање на улогата на децата правобранители. Овие работилници беа организирани од страна на децата правобранители и нивните заменици во сите 20 основни и средни училишта. На работилниците децата правобранители ги презентираа правата согласно Конвенцијата за правата на децата. Исто така на овие работилници беше промовиран моделот дете правобранител и беше презентиран начинот на поднесување на претставка до децата правобранители.
Со овие работилници беа опфатени 1306 ученици од 10 основни и 10 средни училишта вклучени во проектот.
Во текот на март – април 2013 година децата правобранители организираа ИНФО денови. На овие настани беа дистрибуирани флаери (изработени од децата правобранители). Вкупно беа организирани 40 ИНФО денови во сите основни и средни училишта.
Во текот на март - април, Коалиција СЕГА организираше евалуативни состаноци со децата правобранители од сите основни училишта и средни училишта. На состаноците се дискутираше за предизвиците и придобивките од програмата Дете Правобранител која се спроведува од 2011 година. Децата правобранители и нивните заменици разменија искуства и идеи за нивна промоција како и за зајакнување на нивната улога во училиштата. На овие состаноци присуствуваа 50 деца правобранители.

- ***Компонента II: Младинско учество во основните и средните училишта***

Во текот 2013 година избраните претседатели спроведуваа врснички едукации за младинско учество, преку кои беа опфатени 1609 ученици од основните и средните училишта.
Беа организирани вкупно 85 врснички работилници на тема Младинско учество во 20-те основни и средни училишта.

Во периодот март – април беа организирани евалуативни состаноци со претседателите на ученичките организации заедно со членови на ученичките организации. На состаноците децата разменија искуства за активностите кои ги спроведуваат нивните организации.
Исто така, во овој период членовите на ученичките организации подготвија прашалник за проблемите и потребите на учениците во училиштето. Во секое училиште беше спроведена анкетата, и беа опфатени околу 100 ученици на различна возраст, пол и етничка припадност. Податоците од анкетата беа обработени од страна на членовите на ученичката организација и беа презентирани пред учениците и персоналот во училиштата.

Во текот на месец август 2013 година, локалните координатори организираа состаноци со директорите на училиштата на кои им го презентираа Прирачникот за избор на претседатели на одделенија/класови во основните и средните училишта. Во овој период беа организирани и состаноци со класните раководители од основните и средните училишта. Класните раководители за време на одделенските/класните часови на учениците им го презентираа и го фасилитираа новиот модел за избор на класна/одделенска заедница и претседател на класот, во согласност со понудениот Прирачник. Преку овој процес на демократски начин се избираа новите претседатели на класови во основните и средните училишта за учебната 2013/2014 година во Битола, Охрид, Струга, Штип, Гостивар, Дебар, Куманово, Тетово, Кавадарци и Прилеп. По завршувањето на изборот на претседатели на класови во текот на месец октомври беа избрани училишни организации во училиштата вклучени во проектот согласно „Прирачникот за воспоставување и функционирање на ученички и младински организации во основните и средните училишта во Македонија“.

Во периодот октомври – декември 2013 година се спроведуваше процес на градење на капацитетите на претседателите на класови/одделенија и членовите на училишните организации. Локалните координатори организираа работилници со членовите на ученичките / младинските организации на следниве теми: Комуникациски вештини и тимска работа и Организирање на состаноци и воведување на процедури за работа и креирање на Годишна програма. Преку 40 работилници беа опфатени вкупно 200 претставници на училишни организации.

## Проект: "Проект за децентрализирана соработка помеѓу регионот на Долна Нормандија – Франција и Република Македонија"

Во рамките на Проектот за децентрализирана соработка помеѓу регионот на Долна Нормандија - Франција и Република Македонија, раководен од Асоцијацијата на Агенции за Локална Демократија (ALDA), Коалицијата СЕГА ја раководи Акцијата 2 која специфично се однесува на „Помагање на локалните авторитети да дефинираат и имплементираат одржливи и партиципативни младински политики". Во рамките на соработката беше поддржан процесот на креирање на Локалната младинска стратегија за Град Скопје.

Во периодот од 01 – 05 мај 2013 година во Каен, Долна Нормандија – Франција беше организирана студиска посета **„Локално и регионално вмрежување во полето на младинското вработување**". Во оваа активност учество зедоа Зоран Илиески – Коалиција на младински организации СЕГА и Антонио Караланов - Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија на граѓани и фондации во Град Скопје.

На студиската посета беа разменети искуства за актуелните локални младински политики и моделите на вработување и беше разгледана можноста за идна соработка на локално, регионално и национално ниво помеѓу гостите од Долна Нормандија - Франција и Македонија во полето на младинското вработување.

Во состав на овој проект беше и креирањето на локалната стратегија за млади на град Скопје.

## Проект: “Мониторинг на имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето во Македонија”

Во периодот јануари - јуни 2013 година со поддршка на UNICEF беше спроведен проектот „Мониторинг на Конвенцијата за правата на детето во Македонија“. Извештајот имаше за цел да ја анализира моменталната ситуација со имплементацијата на Завршните забелешки од страна на одговорните институции во специфични области.

Извештајот беше подготвен врз основа на прибраните податоци на локално и национално ниво. На локално ниво податоците беа прибирани од страна на 16 локални координатори во периодот февруари – март 2013 година. За прв пат се прибираа податоци од 16 рурални средини. На национално ниво податоците беа прибирани од страна на тимот на СЕГА.
Извештајот содржи препораки на Комитетот за заштита на правата на децата, наоди од мониторингот за 2012 година како и почетна состојба и наоди од 2011 година. На крајот од извештајот се вметнати препораки насочени кон институциите и организациите.

Во текот на месец мај 2013 извештајот беше публикуван и презентиран на округлата маса во Скопје. Проектот се спроведуваше како резултат од иницијативата на канцеларијата на УНИЦЕФ во Македонија за поддршка на мониторинг на имплементацијата на КПД која беше препорака во Завршните Забелешки.

# МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

## Проект: “Поттикнување на младинското учество во политичките процеси“

Од 01 октомври 2012 година до 31 март 2013 година Коалиција СЕГА го спроведуваше проектот „Поттикнување на младинското учество во политичките процеси“, финансиран од Националниот Фонд за Демократија (National Endowment for Democracy – NED). Проектот се спроведуваше во следниве општини: Прилеп, Кисела Вода, Охрид, Тетово, Штип, Струмица, Кавадарци и Куманово. Целта на проектот беше да се промовираат демократските вредности и да ги поттикне младите луѓе да учествуваат на локалните избори во 2013 година. СЕГА спроведуваше низа активности за застапување со цел да ги убеди политичките партии да ги земат во предвид потребите и мислењата на младите во развојот на нивните политички програми за изборите.

Во спроведување на активностите беа вклучени следните организации – членки на СЕГА: Младински Совет Прилеп, Волонтерски Центар Скопје, Младински Совет Охрид, Институт за развој на заедницата Тетово, Младински клуб Штип, Младински Совет Струмица и ЗОНА Кавадарци.
Во рамките на проектот во 2013 година беа реализирани следните активности:

**-Публикација „Младински решенија“ – ефективни и ефикасни предлози за подобрување на состојбата на младите на локално и национално ниво**
Во текот на јануари 2013 година надворешниот консултант, резултатите од фокус групите ги сумираше во еден документ „Младински решенија“. Во 2012 година СЕГА организираше сет од фокус групи на локално ниво со цел да ги идентификува специфичните потреби во неколку клучни сфери за младите. Овој документ содржи ефективни и ефикасни предлози за

подобрување на состојбата на младите на локално и национално ниво. Исто така во документот се систематизирани предлозите на претставници на младите во рамки на четири сфери: образование, невработеност, младинско учество и организирање и култура и младинско информирање. Овој документ беше презентиран на Прес – конференција во Прилеп и беше доставен до сите политички партии во 8те општини.

**-Кампања „ГЛАСАЈ НЕКА ТЕ СЛУШНАТ“**

Кампањата „Гласај нека те слушнат“ се спроведуваше во периодот јануари – март 2013 година. Во рамките на кампањата беше креиран видео спот под мотото „Гласај нека те слушнат“ кој се емитуваше на националните (МТВ и АЛФА) и локалните медиуми (во Прилеп, Кавадарци, Струмица, Охрид и Тетово). Исто така беа подготвени и испечатени флаери за мотивација на млади гласачи, како и маички под мотото „Гласај нека те слушнат“. Локалните координатори во сите 8 градови организираа 16 ИНФО денови. На овие настани се дистрибуираа флаери и се мотивираа младите да гласаат на локалните избори.

Во овој период беа организирани 5 радио емисии – остави го твојот белег – ГЛАСАЈ, на интернет младинското радио во Прилеп, ПУЛС Радио. На овие емисии, се дискутираше за важноста од изборниот процес и учеството на младите во изборите. Емисиите беа одлично прифатени од голем број на млади слушатели.

-**Анализа и евалуација на пред-изборните програми на политичките партии**

Во текот на месец март, надворешен консултант ги анализираше изборните програми на политичките партии. СЕГА преку мрежата на своите организации членки прибра 20 програми од кандидатите на локалните избори во 2013 година, од опфатените градови. 17 изборни програми беа од кандидатите номинирани од политички партии / коалиции, а 3 програми беа од независни кандидати. Врз основа на овие програми како и анализите од спроведените фокус групи беше подготвен Аналитичкиот извештај, младите во изборните програми на локалните избори во 2013 година. Целта на оваа анализа беше да се идентификува влијанието на активностите за застапување спроведени од СЕГА, поврзани со важноста на младинските потреби во агендите на политичките партии. Во текот на месец април анализите беа доставени до политичките партии.

## Проект: “Македонски Модел на Обединетите Нации”

Во 2013 година Коалиција на младински организации СЕГА продолжи да ја спроведува програмата во своето работење – Македонски Модел на Обединети Нации (ММОН). Програмата се спроведуваше во соработка со волонтерите на Мировниот Корпус во Македонија, а со финансиска поддршка од Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Р. Македонија. Моделот на Обединети Нации ги вклучува младите во проучување и дискусија за глобалните прашања, поттикнува развој на вештините корисни за животот, како што се истражување, пишување, јавно говорење, градење на консензус, решавање на конфликти, постигнување компромис и соработка.

Во проектот директно беа вклучени 2 организации – членки на СЕГА: ИМКА Битола и Локална Агенција за Развој – Струга.

Главната активност на оваа програма беше организирањето на годишна национална конференција на ММОН на 18 мај 2013 година во просториите на Економскиот Факултет при Универзитетот Св. Климент Охридски - Битола.

Повеќе од 160 млади луѓе од Македонија во улога на делегати ги застапуваа ставовите на 25 земји членки на ОН во 6 различни тела на Обединетите Нации и имаа задача да дебатираат на реални светски теми, поврзани со трговија со луѓе, намалување на сиромаштијата, финансискиот долг, нуклеарно разоружување и сл. Во рамките на Конференцијата беше организиран Младински Саем на кој различни институции и организации имаа можност да ги презентираат нивните активности и услуги кои ги нудат за младите.

На официјалното отворање на Конференцијата пред делегатите се обратија Г-дин Стефан Катци – Директор на Мировниот Корпус во Македонија, Г-дин Ѓорѓи Манчевски – Декан на Економскиот Факултет во Прилеп, Г-дин Зоран Илиески – Извршен Директор на Коалиција СЕГА и Г-ца Анастасија Стојчевска – Генерален Секретар на Конференцијата на ММОН за 2013 година.

Во рамките на проектот во периодот од 22 – 24 ноември 2013 во хотел Амбиент Струга беше организирана Обука за тим лидери. На обуката присуствуваа 18 претставници од младински организации.

Македонскиот Модел на Обединети Нации преставува академска симулација на работата на Обединетите Нации преку своите земји членки, во Генералното собрание на ОН, Советот за безбедност, Економскиот и социјален совет, УНИЦЕФ, УНДП, Светската здравствена организација и Светската трговска организација.

## Проект: “Совет на млади во Општина Теарце”

Коалиција СЕГА во партнерство со Центарот за едукација и развој од Теарце го спроведуваа проектот **„Совет на млади во Општина Теарце“**, финансиран од Генерален Секретаријат на Владата на Р.М. Во рамките на проектот беа организирани координативни состаноци со локалниот координатор, претставници на Локалната Самоуправа и Советот на општината.
Тимот од СЕГА подготви предлог измени на Статутот на О. Теарце со цел формирање на Совет на млади врз основа на претходното искуство и експертиза. Предложените измени беа доставени до Градоначалникот на О. Теарце како и до Комисијата за статут и прописи.
По завршувањето на локалните избори и по формирањето на Советот на Општина Теарце и соодветните комисии и тела се пристапи кон подготовка на финалната документација за пристапување кон измени на Статутот на О. Теарце со цел воспоставување на Совет на Млади. На седница на Советот на О. Теарце беше усвоена одлука за воспоставување на Совет на Млади (Службен весник на О. Теарце бр. 5, од 10 јуни 2013 година) и беше пристапено кон измени на Статутот на О. Теарце. Измените на Статутот со цел воспоставување на Совет на Млади беа усвоени на првата седница на Советот на О. Теарце во јули 2013 година.

- ***Воспоставување на Совет на млади***

Во периодот јули – август локалниот координатор имаше интензивни средби со Комисијата за мандатни прашања со цел подготовка и објавување на Повикот за членови на Советот на млади. Поради годишните одмори општината одлучи да го објави повикот на почетокот на школската година. Повикот беше објавен на 03 септември 2013 година и на истиот беа добиени повеќе апликации од млади на возраст од 15 – 30 години.

По завршувањето на повикот за членови на Советот на Млади Комисијата за мандатни прашања ги разгледа пристигнати апликациите. Согласно одлуката за воспоставување на Совет на Млади на О. Теарце Комисијата селектираше 5 апликации кои ги исполнуваат критериумите на повикот, притоа имајќи ја во предвид возраста и организацијата од која доаѓаат.
Советот на О. Теарце го верификуваше мандатот на членовите на Советот на Млади на седница која се одржа на 27 септември 2013 година.

По верификацијата на мандатот на членовите на Советот на Млади активностите на проектот беа насочени кон обезбедување на негова функционалност.
На редовните состаноци на Советот на Млади, кои беа фасилитирани од СЕГА, членовите на Советот на млади работеа на Деловникот за работа, начините и процедурите за водење на седниците, и идентификување на приоритети како и процедури за комуникација со засегнатите страни на локално ниво. По финализирањето, Деловникот за работа беше усвоен од страна на Советот на Млади.
Врз основа на проблемите и потребите на младите на општина Теарце, Советот на Млади подготви Годишна Програма за работа за 2014 година, за чија имплементација тие ќе се застапуваат пред Советот на општината. Програмата за работа на Советот на Млади беше доставена до Советот на Општина Теарце за понатамошно усвојување.

- ***Воспоставување на Младински парламент***

Локалниот координатор на проектот беше одговорен за идентификување на членовите на Младинскиот парламент, неговото воспоставување како и за фасилитацијата на состаноците на Младинскиот Парламент.
На 25 октомври 2013 година беше објавен повик за селекција на членови на Младинскиот Парламент. Секој од членовите на Советот на млади имаше за цел да организира средби со млади од нивните населени места со цел промоција на повикот и можноста од пошироко вклучување на младите во Младинскиот Парламент. На овие средби младите имаа можност да се запознаат со придобивките од нивно вклучување во Младинскиот Парламент и како нивната вклученост ќе влијае врз подобрување на состојбата на младите на општина Теарце.
На 11 ноември 2013 година беше одржана конститутивната седница на Младинскиот Парламент (18 млади се членови на Младинскиот Парламент) на О. Теарце. Со цел да се специфицира работата на Парламентот и на координативното тело, беше развиен Деловник за работа кој ќе ги појаснува процедурите за работа на овие две структури.

Главната улога на Младинскиот Парламент е да организира состаноци на кои ќе бидат дискутирани главните младински проблеми. Точките за работа на Парламентот се дефинираат преку формирање на неколку групи за дискусија (комисии) кои ги детерминираат главните приоритети на младите на локално ниво и директно ги адресираат прашања кои ги засегаат младите. На одделни состаноци, раководени од координативното тело, групите за дискусија подготвуваа предлог проекти, кои беа презентирани на седница на Младинскиот Парламент.

- ***Зајакнување на капацитетите на Младинскиот Парламент и Советот на млади***

Во насока на зајакнување на капацитетите на младите членови на координативното тело како и да се осигури дека тие ќе можат да ја менаџираат работата на групите за дискусија, беа организирани две еднодневни обуки на следниве теми: *Фасилитација и Раководење со проектен циклус*.
Младите/членови на двете структури доаѓаат од различни средини и имаат различно ниво на познавање на функционирањето на Локалната Самоуправа и младинската политика во земјава.

Поради тоа, на 20 декември 2013 година, беа организирани две еднодневни ориентациони средби со членовите на Младинскиот Парламент и членовите на Советот на Млади на следните теми: *„Младинска политика и младинско учество“* и *„Процес на децентрализација и надлежност на Локалната Самоуправа“*. Во текот на спроведувањето на овие активности, членовите на двете структури се стекнаа со знаења и вештини кои им се потребни за работата и учеството во работата на Советот на општината.

Во периодот од 08 – 10 ноември 2013 година во хотел Амбиент – Струга, во рамките на проектот беше организирана дводневна обука на тема *„Застапување и Лобирање“*. Младите советници преку оваа обука имаа можност да се стекнат со знаења и вештини во областа на застапување и лобирање кои им се неопходни во извршувањето на нивните функции во Советот на Млади.

- ***Поддршка на младинска иницијатива***

Советот на Млади имаше за задача да избере еден од младинските проблеми кои беа дефинирани од страна на Младинскиот Парламент. Предлог иницијативата која беше доставена од страна на Советот на Млади на О. Теарце и поддржана со проектот имаше за цел подигнување на свеста на младите за активно вклучување во активностите на советот на млади, преку инфо настани во 9 населени места. Специфичните цели на младинската иницијатива беа:

- Идентификување на потребите на младите на општина Теарце
- Промоција на активностите за млади

Младинската иницијатива предвидува имплементација на низа активности во 9 населени места преку кои се промовираше Советот на млади и Младинскиот Парламентот. Активностите вклучуваа поставување на инфо штандови, делење на информативни флаери, и прибирање на информации за потребите на младите во регионот на Општина Теарце. Втората компонента од иницијативата беше промоција на дополнителни настани во секоја рурална средина, како резултат на работата на Советот на Млади. Во село Доброште и Пршофце, по застапувањето на Советот на Млади беше дозволено спортските сали во училиштата да се користат од младите за рекреација, по завршување на училишните часови. Во село Нераште младите преку краток скеч ги презентираа потребите и проблемите на младите, додека во село Слатино се спроведе еколошка акција.

Младинската иницијатива се спроведе во периодот 18 до 26 декември 2013.

# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО

## Проект: "Младински Информативен и Советодавен Центар – ИНФО СЕГА"

Проектот **„Младински Информативен и Советодавен Центар – ИНФО СЕГА"** (МИСЦ) продолжи да се спроведува и во 2013 година, откако центарот официјално започна со работа на 01 јуни 2010 година.

- **Обезбедување на информации од областите: спорт, култура, волонтерство и размена**

Во текот на јануари - декември 2013 година персоналот на Младинскиот Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА (МИСЦ) ги ажурираше информациите за образование, здравство, патување, култура и спорт. Исто така на почеток на годината се направи нов изглед на веб страната и беа ажурирани информациите за образованието во Р.М. (средно, високо – приватни и државни универзитети, постдипломски студии – приватни и државни универзитети, стипендии во Македонија и странство), информации за културните манифестации и активности во Прилеп, информации за патување, информации за здравство. Секојдневно беа прибирани информации за стипендии, семинари, обуки, конференции, волонтирање, вработување итн. Овие информации се објавуваат на web страната на ИНФО СЕГА www.infosega.org.mk и секојдневно се ажурираат. Во периодот јануари – декември на веб страната на ИНФО СЕГА имаше 249 304 посети.
Најновите информации за тековни повици и конкурси редовно се испраќаат на mailing листата infosega@infosega.org.mk која е сочинета од 3000 е-маил адреси.

- **ИНФО СЕГА успешни приказни**

На почеток од месец април 2013, тимот на ИНФО СЕГА започна со објавување на успешни приказни за млади кои биле вклучени во нашите активности како и во интернационални обуки и проекти. Оваа информативна страница ќе биде корисна за сите млади да се информираат кои можности ги нудиме ние и за начините како да се вклучат во нашите активности. Во 2013 година објавени се 8 ИНФО СЕГА успешни приказни.

- **Промовирање на МИСЦ**
- **Промовирање на услугите на МИСЦ во средните училишта**

Согласно планот за промоција и видливост на центарот помеѓу средношколците во општина Прилеп, Младинскиот Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА и оваа година продолжи со одржување на промоции за услугите што ги нуди во средните општински училишта. Во периодот февруари – мај 2013 беа одржани 5 презентации на ИНФО СЕГА и беа директно опфатени 124 средношколци од средните училишта во Прилеп.
Информативните настани се одржуваа во училиштата, за време на планираните едукации, а на истите се презентираа информации наменети за средношколците, како што се: стипендии за матурантите, информации за тековните конкурси за стипендии за средношколците, информации за дополнителните услуги кои ИНФО СЕГА ги нуди како што се: советување за млади, жолти страни за младите и сл.

- **ЕВС промоции по средните училишта**

Во втората половина на месец октомври ЕВС волонтерите започнаа со промоции на ЕВС програмата по средните општински училишта во Прилеп. Се реализираа 11 презентации на програмата во текот на првото полугодие на учебната 2013/2014 година и се опфатија 226 средношколци.

Овие промоции се дел од проектот на ЕВС волонтерите „Биди информиран, стани активен“. Промоциите се одржуваа заедно со тимот на ИНФО СЕГА за време на планираните едукации по средните училишта. Целта на овие промоции е младите да се запознаат со ЕВС програмата и да се запознаат со активностите кои ЕВС волонтерите ги нудат за нив со цел запознавање на француската култура.

- **Одбележување на поважни датуми**

- **ИНФО СЕГА го одбележа 21 февруари „Меѓународниот ден на мајчиниот јазик“**

По повод 21 февруари, Меѓународниот ден на мајчиниот јазик, тимот на ИНФО СЕГА на 10 февруари 2013 година, објави конкурс **„Ајде да твориме на мајчин јазик“** на кој беа повикани сите заинтересирани млади да учествуваат на истиот и да ги испратат нивните литературни творби. Право на учество имаа сите млади на возраст од 15 до 25 години да творат и да ги испратат своите дела.
На 21 февруари 2013 „Меѓународниот ден на мајчиниот јазик“, Младинскиот Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА, во фоајето на Градската Библиотека Борка Талески, Прилеп го прослави овој ден, преку организирање на настанот „Ајде да твориме на мајчин јазик“.
Настанот беше посетен од ученици од средните училишта, професори по македонски јазик, студенти и волонтери на Младинскиот Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА. И оваа година беше во знакот на книгите кои се столбови на знаењето и се од суштинско значење за унапредување на слободата на изразување и поттикнување на потенцијалот на младите да творат.
Најдобрите и наградени дела кои учествуваа на ИНФО СЕГА објавениот конкурс за литературни творби „Ајде да твориме на мајчин јазик“ станаа дел од online збирката со литературни творби која беше поставена на веб страната на ИНФО СЕГА www.infosega.org.mk

- **ИНФО СЕГА го одбележа 17 април, Европски ден на младинско информирање со промоција на Европскиот волонтерски сервис**

Младински Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА заедно со Младински Совет Прилеп и во соработка со Општина Прилеп, по повод 17 април, Европскиот ден на младинско информирање одржаа промоција на акцијата Европски волонтерски сервис од програмата Млади во акција.
На промоцијата присутните имаа можност да разговараат со младите волонтери од Прилеп кои беа дел од ЕВС програмата во Франција и Финска. Настанот го посетија 37 млади.

- **Одбележување на Меѓународниот ден на младите, 12 август**

По повод 12 август, Меѓународниот ден на младите, се организираа неколку активности во соработка на Коалиција СЕГА, Младински Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА, Младински Совет- Прилеп и НВО Жетва на знаење.

- **Одржана работилница на тема: „Младинска миграција и интернационалното искуство на младите од Општина Прилеп“**

На 12 август 2013, во просториите на Младинскиот Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА се одржа работилница на тема: **„Младинска миграција и интернационалното искуство на младите од Општина Прилеп“.** На работилницата се разговараше за темата Младинска миграција, кои се причините за миграција на младите во другите земји, со кои предизвици и тешкотии се соочуваат младите мигранти.

Исто така се сподели интернационално искуство на млади од Прилеп кои живееле извесно време во странство, како и интернационално искуство на младите волонтери од Франција и Америка и нивниот интерес да престојуваат во Македонија. Овој настан беше медиумски покриен од локалната ТВ Визија Прилеп. На работилницата присуствуваа 14 млади лица.

- **ИНФО Ден по повод 12 август, Меѓународниот ден на младите**

На 12 август 2013, ИНФО СЕГА заедно со Коалиција СЕГА и Младински Совет Прилеп одржаа ИНФО ДЕН каде со поставени штандови во центарот на Прилеп ги промовираа услугите наменети за младите луѓе од општина Прилеп. На штандовите се делеа флаери, публикации и брошури за млади. Штандовите беа посетени од 50 млади и се поделија 100 флаери.

- **Одбележување на Светскиот ден за борба против СИДАТА**

По повод 1 декември Светскиот Ден за Борба против СИДА-та, ИНФО СЕГА организираше настан под мотото „Заедно во борба против СИДА-та“ со цел да се подигне свеста кај младите луѓе за начините на превенција од ХИВ/СИДА-та. Во кафе-баровите Арт-Кафе и Калипсо беа поставени штандови каде што младите луѓе можеа да се информираат за начините на превенција од СИДА-та и да добијат бесплатни презервативи. Во оваа активност се вклучија 20 локални волонтери и штандовите ги посетија околу 300 млади.

- **Зајакнување на капацитетите на тимот на МИСЦ**
- **„Млади амбасадори на Младинското Информирање“ во Стокхолм, Шведска**

Коалиција на младински организации СЕГА беше партнер во проектот „Млади амбасадори на Младинското Информирање“ во организација на ERYICA (Европската Агенција за Младинско Информирање и Советување) одобрен од Европската Комисија од програмата Млади во акција. Обуката се одржа во период од 27 – 30 мај 2013 во Стокхолм, Шведска.

Двајца волонтери од ИНФО СЕГА, учествуваа на оваа интернационална обука. Волонтерите претходно беа активно вклучени во активностите на Европската кампања на ERYICA и Советот на Европа (Information right Now!!! Young people are asking!) која ја спроведуваше Коалиција СЕГА во 2012 година. Младите амбасадори ќе бидат понатаму вклучени во различни европски настани, како во својата земја така и во другите европски земји, како дел од кампањата „Млади во движење“ (Youth on the move) – Info Mobility (YoMIM).

- **Претставник од ИНФО СЕГА учествуваше на тренинг за граѓански набљудувачи (тренинг за тренери), во Брисел, Белгија**

Целта на овој интернационален тренинг за тренери беше да ги развие вештините на граѓанските набљудувачи со цел да делуваат како промотери за животна средина и здравје. Тренингот беше фокусиран на специфичните инструменти и можности, граѓаните да земат активно учество во процесот на донесување на одлуки во полето на животната средина и здравјето, со тоа што ќе промовираат превентивни одлуки кои што треба да се преземат во случај на ризик.

- **Двајца претставници од ИНФО СЕГА присуствуваа на интеркултурна размена во Троген, Швајцарија**

Во периодот од 28 јуни – 12 јули 2013 година Коалиција СЕГА организираше интеркултурна размена во Троген, Швајцарија. Оваа размена е во состав на соработката помеѓу СЕГА и Детската Фондација Песталоци во полето на интеркултурното образование. На размената учествуваа 40 основци од Прилеп, Дебар, Куманово, Тетово и Кавадарци, заедно со нивни врсници од Украина.

Оваа активност ќе им овозможи на младите да учат за принципите на меѓукултурниот дијалог и комуникација, различните вредности и толеранцијата помеѓу децата и младите со различи култури.

- **Одржани едукативни работилници за заштита на личните податоци на интернет и социјални мрежи**

Во месец февруари 2013 година, тимот на ИНФО СЕГА реализираше 6 едукации во средните училишта во Прилеп, на тема: *„Заштита на личните податоци на интернет и социјалните мрежи“*.
Во периодот од октомври до крајот на ноември (во првото полугодие од учебната 2013/2014 година) тимот на ИНФО СЕГА реализираше 11 едукативни работилници во средните училишта во Прилеп на истата тема.
Целта на овие едукации беше средношколците да се информираат и едуцираат за ризикот и опасноста од споделувањето на нивните лични податоци и фотографии на интернет и социјалните мрежи. Едукациите се базираат на интерактивна методологија која преку информации и факти на младите им ја подигна свеста за значењето на личните податоци и зачувување на приватноста како и можноста од нивна злоупотреба. Тимот на ИНФО СЕГА ги испорачуваше овие едукативни работилници со времетраење од 45 минути. Преку овие едукативни работилници директно се опфатија 148 ученици (од второ полугодие на 2012/2013) и 248 ученици (од прво полугодие на учебната 2013/2014 година), односно вкупно 396 опфатени ученици од цела година.

- **Координативни состаноци**

Во периодот јануари – декември 2013 беа организирани 27 координативни состаноци помеѓу тимот на СЕГА и тимот на МИСЦ. На состаноците се разговараше за планираните активности и нивна имплементација. Се мониторираа постигнатите периодични резултати и се правеше евалуација на веќе спроведените активности.  Помеѓу тимот и волонтерите на МИСЦ беа организирани 12 координативни состаноци. На овие состаноци се поставуваа одредени цели и активности и воедно се правеше евалуација на се она што е постигнато во изминатиот период.

## Проект: “Млади без граница“

Од март 2013, Коалицијата на младински организации СЕГА заедно со Националниот Центар за Услуги во Заедницата (NCCS) од Албанија започнаа да го спроведуваат проектот **„Млади без граници“,** финансиран од Европската Унија преку ИПА програмата за Прекугранична соработка Македонија - Албанија. Главната цел на овој проект е да се промовира ефективна соработка помеѓу актерите во граѓанското општество кон продуктивен социјален развој во прекуграничниот регион помеѓу Македонија и Албанија. Специфичните цели на овој проект се: 1) Јакнење на организациските капацитети на младинските организации во прекуграничниот регион; 2) Поддршка на процесот на вмрежување и одржливи партнерства помеѓу локалните младински организации во планирање и спроведување заеднички акции во прекуграничниот регион.
Во проектот директно беа вклучени следните организации – членки на СЕГА: Младински Совет Прилеп, Младинска Мултикултурна Заедница - Прилеп, Федерација на фармери на Македонија – Мрежа на млади фармери и ИМКА – Битола.

Во 2013 година Коалиција СЕГА во соработка со партнерот од Албанија, Националниот Центар со Услуги во Заедницата, ги спроведе следните активности:

- **Селекција на младински организации за учество во проектот**

Во текот на мај - јуни Коалиција СЕГА објави повик за учество на младински организации во процес за градење капацитети во регионот Пелагонија. Повикот беше објавен на веб страна на СЕГА, социјалните мрежи, а беше испратен на повеќе електронски мејлинг листи. Коалиција СЕГА селектираше 5 организации кои понатаму беа вклучени во сите активности во проектот (Младинска Мултикултурна Заедница, Младински Совет Прилеп, Мрежа на млади фармери, ИМКА Битола, Натира Струга). Во меѓувреме, партнерот од Албанија исто така објави повик и селектира 5 организации кои ќе бидат дел од проектот.

- **Состанок за вмрежување**

Веднаш по селекцијата на организациите, беше организиран заеднички состанок за вмрежување во Корча, Албанија. На овој состанок учествуваа претставници од сите 10 селектирани организации (5 од Македонија и 5 од Албанија). На состанокот организациите беа запознаени со проектот и наредните активности.

- **Обука за организациска одржливост**

Првата обука со која започна процесот на градење капацитети е обуката за организациска одржливост која се одржа во јули, во хотел Дончо во Охрид. На обуката учество зедоа по 2 претставници од секоја вклучена организација, вкупно 20 учесници. Пред обуката организациите пополнија матрица за организациска одржливост при што се доби преглед на моменталната ситуација во однос на одржливоста на организациите на повеќе нивоа. На обуката се дискутираше за методите за обезбедување на одржливост на организациите од финансиски аспект, како и во однос на човечките ресурси. На обуката организациите направија план за подобрување на одржливоста според научените методи и алатки. По завршувањето на обуката беше организирана **студиска посета** при што беа посетени младински организации од Струга, Охрид и Битола. На овие посети беа дискутирани методите за одржливост кои се применуваат од страна на организациите.

- **Обука за Застапување и Лобирање**

Втората обука за застапување и лобирање се одржа во август 2013 година, во Корча, Албанија со учество на претставници од истите организации. Преку вежби и игра на улоги учесниците подобро се запознаа со методите и алатките за застапување. Исто така учесниците во партнерство подготвуваа акциони планови за застапување со цел подобро учење на целиот процес кој што би бил применлив во нивната работа. По завршувањето на обуката, исто така беше организирана **студиска посета** во организации во Елбасан, Корча и Поградец. На овие состаноци, учесниците од Македонија имаа можност да се запознаат со методите и начините на работа на организациите од Албанија.

- **Обука за подготовка на ЕУ проекти**

Оваа обука беше последна од сетот на активности за градење капацитети на селектираните организации. Обуката се одржа во месец октомври во Охрид, хотел Климетица. На овој настан исто така учествуваа по 2 претставници од сите вклучени организации. Сесиите вклучија информации за ЕУ програмите кои се достапни на ниво на Европа, како и за тоа кои програми се достапни за Македонија и Албанија. Понатаму, обуката содржеше практични вежби за подготовка на ЕУ апликации (беше користена апликацијата на ЕИДХР програмата) воглавно користејќи го пристапот преку логичка рамка. Учесниците се стекнаа со познавања за подготовка на квалитетни апликации користејќи соодветен процес на планирање.

- **Работилници за подготовка на заеднички проекти**

Втората компонента на овој проект беше заедничка подготовка на ЕУ апликации преку градење партнерства на вклучените организации од Македонија и Албанија. Според тоа во периодот од октомври – декември 2013 година се одржаа вкупно 4 работилници, од кои 2 во Македонија (Охрид) и 2 во Албанија (Поградец). На првата работилница беа утврдени партнерствата преку идентификување на заедничка мисија и активности. На втората работилница беа дефинирани главните проектни идеи и организациите започнаа да подготвуваат логички рамки на своите проекти. На останатите работилници фокусот беше ставен на подготовка на методологија, одржливост на проектите како и детален опис на активностите и очекуваните резултати од своите проекти. Во периодот помеѓу работилниците, СЕГА и партнерот од Албанија одржуваа постојана комуникација со организациите со цел подобрување на проектните документи пред секоја работилница. На последната работилница беа утврдени главните точки на интервенција и временски период за финализација на проектите и доставување до СЕГА и партнерот од Албанија.

Предвидени активности за 2014 година:

- Финализација на проектните документација со поддршка и фасилитација на СЕГА преку теренски посети
- Практиканство на 2 млади луѓе од Македонија во Албанија во период од 1 месец
- Подготовка на мултимедија видео од проектните активности
- Финална конференција за промоција на проектните резултати

Проектот е со времетраење од март 2013 – март 2014 година.

## Проект: “Младинска мрежа за стекнување на вештини за вработување“

Проектот „Младинска мрежа за стекнување на вештини за вработување“ се имплементираше во периодот 01 март – 31 мај 2013 година, поддржан од УСАИД. Во рамките на проектот се реализираа следните настани:

- **Организирани ИНФО ДЕНОВИ**

На 02, 06 и на 08 март 2013 година, во центарот на Прилеп ИНФО СЕГА заедно со Младински Совет Прилеп се одржаа три ИНФО ДЕНОВИ. ИНФО ДЕНОВИТЕ имаа за цел да ги информираат младите за „Обуката за стекнување на вештини за вработување“ која е дел на проектот на УСАИД и за посебните услови за пријавување. На настаните беа поделени 400 флаери и залепени 30 постери низ центарот на градот. Во реализацијата на овој настан се вклучија 10 млади волонтери. На овие настани, штандот на ИНФО СЕГА го посетија повеќе од 400 млади од Прилеп.

- **Одржана обука за стекнување на вештини за вработување**

Во периодот од 11-15 март 2013 година, Младински Совет Прилеп, Коалиција СЕГА и ИНФО СЕГА ја одржаа петдневната Обука за стекнување на вештини за вработување. Обуката опфати 20 млади лица на возраст од 18 – 27 години; кои не се во образовен процес; невработени и непријавени во Агенцијата за вработување. Програмата вклучуваше 8 модули: Воведен модул; Личен развој; Соодветно однесување на работното место; Комуникациски вештини; Тимска работа и лидерство; Вештини за барање работа; Безбедност, права и одговорности на работното место и Финансиски вештини.

- **Работилница за изработка на Онлајн Кариерно портфолио**

На 27 и 28 мај 2013 година во просториите на Младински Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА се одржа дводневна работилница за изработка на Онлајн Кариерно портфолио. Обуката беше организирана од Младински Совет - Прилеп, со поддршка на УСАИД проектот Мрежа ЈЕС. Работилницата беше наменета за 20 млади невработени кои учествуваа во Програмата за подготовка за вработување и за работа.
Во текот на оваа дводневна работилница на учесниците им се презентираше основата и значењето на Онлајн кариерно портфолио како нов тренд во процесот на барање работа, кој им дозволува да изложат повеќе за себе отколку само нивното CV. Учесниците изработија свои кариерни портфолија кои во иднина ќе им помогнат и ќе ги истакнат меѓу останатите кандидати при аплицирањето на универзитетите, при барањето работа и општо во развивањето на работната сила.

## Проект: „Ајде да ја славиме Европа“

Во текот на месец мај 2013 година СЕГА во соработка со Младински Совет Прилеп го спроведуваа проектот „Ајде да ја славиме Европа“ поддржан од ЕУ Инфо центарот во Скопје. Во рамките на проектот се реализираа следните настани:

**– ИНФО ДЕН во центарот на Прилеп**

На 9 мај, во периодот од 11.00 до 14.00 часот ИНФО СЕГА и Младински Совет Прилеп одржаа ИНФО ДЕН во знакот на Денот на Европа, со поставени штандови на 3 инфо точки низ центарот на Прилеп. Локалното население имаше можност преку промотивен материјал да се информира за значењето на 9 мај Денот на Европа, за проширувањето и значењето на ЕУ и за наредните активности од проектот „Ајде да ја славиме Европа“ и за музичкиот настан. На штандовите се делеа флаери, публикации и брошури за ЕУ.

**- Одржани 5 едукативни работилници "Ајде да учиме за ЕУ" во секое средно општинско училиште во Прилеп**

Овие работилници имаа за цел да се подигне свеста и да се промовира европската култура и вредности кај младите. Работилниците беа одржани на неформален и интерактивен начин и се разработуваа теми за ЕУ културата, вредностите на ЕУ и што значи ЕУ, но исто така и за европското граѓанство. Преку работилниците се опфатија 140 млади луѓе.

**- Видео конференција „Европа повикува“**

На 22 мај 2013 година, ИНФО СЕГА и Младински Совет Прилеп организираа Видео конференција „Европа повикува“. Видео конференцијата се одржа во просториите на ИНФО СЕГА со присуство на 20 млади луѓе и професори од СОУ Гимназија Мирче Ацев – Прилеп и 49 млади луѓе и професори од Франција.
Настанот се организираше во соработка со Европската Куќа (Maison de l'Europe) од Каен, Долна Нормандија и средно општинско училиште од Каен. На видео конференција младите од двете земји ги претставија своите училишта како и градовите од каде доаѓаат, а дискутираа на теми како европски вредности, толеранција, европско граѓанство и сл. Посебен дел од видео конференцијата беше посветен на прославувањето на 9 мај – Денот на Европа во Македонија и Франција.
Со видео конференцијата им се овозможи на младите луѓе, од два различни делови од Европа, да ги разменат своите искуства и погледи за тоа што претставува европското граѓанство и како да се негуваат европските вредности.

**- Музички настан „Ајде да ја славиме Европа“**

ИНФО СЕГА и Младински Совет Прилеп организираа Музички настан „Ајде да ја славиме Европа“. На настанот настапија голем број на локални младински музички бендови, играорци, млади пејачи од Прилеп, ученици од основните и средните општински училишта со свои балетски и музички точки. Исто така присутните имаа можност да се информираат повеќе за ЕУ преку промотивниот материјал кој беше поставен на штандовите и за одржаните активности во рамките на овој проект преку мултимедијални алатки.

# ОРГАНИЗАЦИСКИ АКТИВНОСТИ

## Меѓународна соработка

- **Европски Волонтерски Сервис**
  **ЕВС проект: "Биди информиран, биди активен!" во ИНФО СЕГА**

Коалиција на младински организации СЕГА на 17 април 2013 прими двајца волонтери од Франција преку Европскиот Волонтерски Сервис од програмата Млади во акција. Проектот "Биди информиран, биди активен!" е одобрен од Националната Агенција за европски образовни програми и мобилност во Македонија.
Двајцата волонтери, Елодие и Гвен од Франција ќе престојуваат една година во Прилеп и секојдневно волонтираат во канцеларијата на Младинскиот Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА. Волонтерите се вклучени во програма на СЕГА и ИНФО СЕГА и работат во областа на комуникација, младинското информирање и промовирање на волонтерство.

- **Проект „Моја Европа, млади, еднакви и вклучени"**

Коалиција на младински организации СЕГА во соработка со Организацијата на жени на општина Свети Николе, и во партнерство со АЛДА организира меѓународна конференција на тема "Учество на жената во политиката" во периодот од 09 – 11 декември во хотел Порта - Скопје. Конференцијата се организираше во рамките на проектот „Моја Европа, млади, еднакви, вклучени" што го спроведува Коалицијата на младински организации СЕГА во соработка со ОЖ на општина Свети Николе, а во партнерство со Асоцијацијата на Локални Самоуправи од Малта и 14 останати партнер организации од Франција, Албанија, Бугарија, Италија и Малта. На Конференцијата се работеше на дефинирање на препораки за учество на жените во просецот на донесување одлуки кои беа презентирани пред учесниците на Конференцијата - претставници од македонскиот Парламент, комисии за еднакви можности меѓу жените и мажите на локално и национално ниво, граѓански организации како и претставници од земјите-партнери. На Конференцијата присуствуваа 76 учесници. Проектот беше финансиран од програмата Европа за граѓаните и имаше за цел да обезбеди добро структуриран дијалог помеѓу збратимените градови или со оние што сакаат да соработуваат, со посебен осврт на активно учество во политичкиот живот на специфични целни групи: жените, младите и имигрантите.

- **Проект „Граѓански набљудувачи за здравство и животна средина"**

ALDA во партнерство со Коалиција СЕГА од април 2013 година го спроведуваат проектот „Граѓански набљудувачи за здравство и животна средина: Иницијатива за одговорност и одржливост"(Civic Observers for Health and Environment: Initiative for Responsibility and Sustainability COHEIRS) поддржан од програмата Citizen for Europe. Овој проект придонесе кон поголема самоувереност на учесниците за активно учество во Европскиот демократски живот и создавање на чувство на припадност во ЕУ.

Активностите од овој проект се спроведуваа во партнерство со следните организации – членки на СЕГА: Волонтерски Центар Скопје, Форум на млади – Битола, ХОПС – Опции за здрав живот – Скопје и Организација на жени на општина Свети Николе.

Во рамките на овој проект беше организиран тренинг за тренери во Брисел, Белгија во периодот од 17 до 21 јуни 2013 година.

Целта на овој интернационален тренинг за тренери беше да ги развие вештините на граѓанските набљудувачи со цел да делуваат како промотери за животна средина и здравје. Тренингот беше фокусиран на специфичните инструменти и можности, граѓаните да земат активно учество во процесот на донесување на одлуки во полето на животната средина и здравјето, со тоа што ќе промовираат превентивни одлуки кои што треба да се преземат во случај на ризик. Овој тренинг придонесе кон развивање на различни вештини: собирање, селектирање и споделување на информации, интеркултурна компетенција, презентирање на релевантни информации и идеи со другите учесници, мотивирање, планирање и спроведување на мултиплицирачки проекти.

Во рамките на проектот беа организирани 10 панел дискусии (4 во Скопје, 2 во Битола, 2 во Свети Николе и 2 во Прилеп) на тема „Влијанието на Генетски Модифицираната храна врз младите". Целта на овие панел дискусии беше јавноста подетално да се запознае со генетски модифицирана храна (ГМО), потоа да ги појасни поимите поврзани со ГМО, легислативата во Европската унија и Македонија поврзана со ГМО, контролата на истата храна како и евентуалните ризици и последици кои може да ги има врз здравјето на луѓето од користењето на генетски модифицираната храна. Со организирањето на овие трибини се опфатија 667 учесници. Во текот на 2014 година ќе се организира интернационална работилница и кампања за дисеминација.

## Соработка со институции

- **Потпишани документи за соработка**

Во текот на 2013 година беа потпишани:

- 5 договори за соработка со средни училишта од општина Прилеп (С.О.У. Гимназија Мирче Ацев, С.О.У. Орде Чопела, С.О.У. Ѓорче Петров, С.О.Е.П.Т.У. Кузман Јосифоски Питу и С.О.У. Ристе Ристески Ричко) за спроведување на активности од проектот „Младински Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА.

# АДМИНИСТРАТИВНА РАМКА

**Управниот одбор** на Коалиција СЕГА се состана на 08 мај во Прилеп, 01 август во Скопје и 09 септември 2013 во Струга. На состаноците се дискутираше за имплементацијата на тековните активности на СЕГА, беше усвоена Политиката за заштита на децата и се разгледуваа новите апликации за членство во Коалиција СЕГА. Во 2013 година, управниот одбор донесе одлука раководењето на Регионалната канцеларија на СЕГА во Скопје да ја додели на основната членка Волонтерски Центар од Скопје .

**Собранието** на Коалиција СЕГА се состана на 08 мај 2013 година во Централната канцеларија во Прилеп. На оваа седница на Собранието на СЕГА беше усвоен записникот на претходната седница на Собранието, беше разгледан и усвоен извештајот од Надзорниот Одбор на СЕГА, беа усвоени програмскиот и финансискиот извештај за работата на СЕГА за периодот на 2012, беше усвоена Годишната Програма за работа за 2013 и беше извршено ревидирање на членството. На крајот, Собранието даде свои препораки за правецот на делување на СЕГА во иднина.

Во поглед на јакнење на капацитетите на персоналот, тимот на Коалиција СЕГА учествуваше на обуки организирани од Детската Фондација Песталоци, ALDA и Национална Агенција за Европски Образовни Програми и Мобилност.

До 31 декември 2013 година во Коалиција СЕГА членуваат вкупно **23 младински организации (12 основни и 11 придружни организации членки)**.

# ЗА СЕГА

Иницијативата за формирање на Коалиција на младински организации беше покрената од страна на Младински Совет - Прилеп и две партнер - организации за аплицирање и имплементација на проектот “Младински Национален Акционен План”. Како продолжение на започнатиот процес, Коалицијата на младински организации СЕГА неформално е формирана на 20 јануари 2004 година со цел да придонесе кон процесот на креирање и имплементација на Националната стратегија за млади на РМ и да помогне во исполнување на потребите на младите. На **27 септември 2004 година** Собранието на СЕГА донесе одлука за формално регистрирање на Коалицијата како здружение на граѓани.
Членството на Коалицијата (во овој момент) го сочинуваат 12 полноправни и 11 придружни организации - членки.

Управувачката структурата ја сочинуваат следниве органи:

- Собрание - составено од сите членки;
- Управен одбор - составен од 5 претставници од организации полноправни членки;
- Надзорен одбор - составен од 3 членови.

Извршната структура е организирана во Централна канцеларија со седиште во Прилеп и 4 регионални канцеларии во: Штип, Охрид, Тетово и Скопје.

**Визија**
Младите делуваат на промените и развојот на Македонија, учествуваат во донесување на одлуки на локално и национално ниво за прашања кои директно ги засегаат. СЕГА како одржлива и развиена младинска коалиција овозможува младите да веруваат во себе, да ги остваруваат своите интереси, да креираат и да градат.

**Мисија**
Коалицијата на младински организации СЕГА работи на развивање и примена на младински политики на локално и национално ниво, ги поврзува и јакне младинските организации со цел активирање на младите и подобрување на условите за нивен личен и професионален развој во Република Македонија.

**Вредности и принципи на работа**

- Меѓусебна поддршка;
- Волонтерство;
- Промовирање на младите како ресурс;
- Младински активизам;
- Младинска партиципација;
- Транспарентност;
- Демократија, меѓусебна доверба и соработка;
- Организирање и вклучување на младите;
- Развој на заедниците;
- Информираност;
- Застапување и лобирање за младинска политика.

Организациските и проектните активности на СЕГА во 2013 година беа поддржани од следните донатори:

- Детска Фондација Песталоци (Pestalozzi Children’s Foundation)
- Асоцијација на Агенции за Локална Демократија (Association for Local Democracy Agencies)
- Националниот Фонд за Демократија (National Endowment for Democracy)
- Генерален Секретаријат за соработка со НВО
- Европска Унија - IPA програма за преку гранична соработка
- Град Скопје
- UNICEF
- Програма Млади во акција (Youth in Action)
- Американска Амбасада во Скопје